**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

07. 02. 2020
10 532 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 10 јануари 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 7 февруари 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 10.12.2019 година, за непочитување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-514, од 10.12.2019 година) на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (12.12.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 јануари 2020 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.**

   Во програмата од 10 јануари 2020 година, во две изданија на забавната емисија „Бекстејџ“, спротивно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, емитувани се неколку поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| ***„Бекстејџ"– забавна програма*** | **02:04:47** | **02:27:33** |
| *Кладилници „Моцарт"* | 02:06:10 | 02:06:20 |
| *Ресторан „Лантерн"* | 02:10:14 | 02:10:21 |
| *Мебел – „Алекс дизајн"* | 02:12:44 | 02:12:54 |
| | | |
| ***„Бекстејџ" – забавна програма*** | **23:25:08** | **23:53:26** |
| *Мебел – „Алекс дизајн"* | 23:27:15 | 23:27:25 |
| *Ресторан „Лантерн"* | 23:28:49 | 23:28:56 |
| *Кладилници „Моцарт"* | 23:31:01 | 23:31:07 |
| **Опис на прекршувањето:**<br>Во наведените програмски целини се емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 10 јануари 2020 година, во две изданија на емисијата „Бекстејџ" беа емитувани поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 10.12.2019 година, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***